ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:29-129/7**

**Дата: 18.03.2014**

**ДО**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар за 2012 година.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2009 година на Општина Центар, е извршена во 2011 година, при што е констатирано дека е постигнат значителен напредок во имплементацијата на препораките.

Изразено е мислење без резерва за финансиките извештаи за 2012 година а за усогласеност со закони и прописи е изразено мислење со резерва.

Работите на утврдување и наплата на локалните даноци, надоместоци и комунални такси кои се приходи на Општина Центар, согласно Законот за Градот Скопје, ги врши даночната администрација на Градот Скопје.
Општината има можност за увид во податоците за даночните обврзници на нејзината територија и можност за следење на опфатот на регистрираните обврзници и висината на обврската, преку регистрите на Градот Скопје, меѓутоа, оваа можност и во текот на 2012 година не е користена.

| *Ревизорски тим:* | *Овластен државен ревизор* |
|---|---|
| *1.* ____________________ | |
| *2.* ____________________ | ____________________ |
| *3.* ____________________ | |

При оценка на системот на интерни контроли во процесот на буџетирање ревизијата утврди дека истите функционираат и непостои ризик од ненавремено донесување на буџетот.

Во текот на 2012 година се реализирани приходи во износ од 1.682.922 илјади денари и расходи во износ од 1.663.554 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 74%, а расходите со 73%.
Најзначително е отстапувањето во делот на капиталните приходи (приходи од продажба на деловни објекти и продажба на земјиште и нематеријални вложувања) кои се остварени со 59%.

Општина Центар има изготвено Програма за уредување на градежно земјиште но истата не ги содржи сите елементи согласно Законот за градежно земјиште.

Што се однесува до приходите по основ на комунални такси, ревизијата констатира дека по основ на комунални такси за користење простор за паркирање на моторни возила, јавното претпријатие на Општина Центар наплатената комунална такса по овој основ не ја уплатило во целост на сметката на буџетот на Општина Центар.

За надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки за одговорните лица и надлежните органи.

Од страна на законскиот застапник градоначалникот на Општина Центар, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е констатирано дека не се прифаќаат и состојбите остануваат непроменети во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 13 и 14 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Центар, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2012 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар за 2009 година. Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар под 31 декември 2009 година е неповолно, а мислењето за резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум и за усогласеност со закони и прописи е со резерва. Во 2011 година е извршена ревизија на преземени мерки по дадените препораки.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Владимир Тодоровиќ - Градоначалник на Општина Центар од 16.04. 2009 до 23.04.2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Центар се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за

материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 10.09. до 27.09.2013 година, кај Општина Центар на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија .

**3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.**

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиките извештаи со ревизија на усогласеност за 2009 година на Општина Центар, е извршена во месец февруари 2011 година. За извршената ревизија е изготвен Преглед на резултатите од имплементацијата на препораките кој е доставен до одговорното лице на субјектот во кој е констатирано дека е постигнат значителен напредок во имплементацијата на препораките.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија, на 20.01. 2014 година.

На ден 04.03.2014 година, добиени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-129/6 од градоначалникот на Општина Центар. Забелешките се однесуваат на точката 4.3.2. и е оценето дека не се прифаќаат од причина што не се доставени релевантни докази кои би имале влијание на констатираните состојби.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

**Процес на буџетирање**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли функционираат на начин што обезбедуваат навремено донесување на Буџетот на Општина Центар. Ова се должи на следното:

- постои разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на буџетирање;
- во процесот на изготвување на буџетот се почитуваат насоките дадени во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии;
- од страна на Советот на Општината донесен е буџетски календар со кој се регулираат роковите за планирање на општинскиот буџет;
- дефинирани се носителите на конкретната активност со календарот и
- се почитуваат роковите утврдени со буџетскиот календар и буџетот е донесен во законски предвидениот рок.

Поради изнесеното не констатиравме ризици во процесот на планирање и донесување на буџетот на Општина Центар.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Центар со Буџетот за 2012 година има планирано приходи и расходи во износ од 2.270.813 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 1.682.922 илјади денари и расходи во износ од 1.663.554 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 74%, а расходите со 73%.
Со ребалансот на буџетот од ноември 2012 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните, што носи ризик од нарушување на принципот на добро менаџерско управување. Општината има законската обврска за измени и дополнувања на буџетот во случај на неостварување на приходите и расходите во планираниот обем (член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа).
Најзначително е отстапувањето во делот на капиталните приходи (приходи од продажба на деловни објекти и продажба на земјиште и нематеријални вложувања) кои се остварени со 59%.
Ваквата неусогласеност се должи на нереализираниот прилив на капитални приходи од продажба на катната гаража и од постапки на отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија .
Општина Центар во 2012 година има остварено приходи по основ на капитални дотации во износ од 1.056.000 илјади денари од Буџетот на Република Македонија (

или 62,74% од вкупните приходи на буџетот на Општината).
Општина Центар не отворила посебна наменска сметка за трансферираните средства за намена изградба на споменици, спомен обележја, постаменти за споменици, склуптури и фонтани, што не е во согласност со одредбите од Одлуките за трансферирање на средствата. Поради наведеното средствата се трансферирани на сметката на буџетот на Општината.

**Препорака:**
Надлежните од Одделението за буџетска координација:
- планирањето на буџетските приходи и расходи да го темелат на реалните состојби и можности;
- во текот на годината на основа следењето на извршувањето на буџетот, во случај на позначителни отстапувања, да го информираат градоначалникот кој треба да предложи на Советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) а Советот на општината да донесе ребаланс на Буџетот.

4.2..2 Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година ревизијата констатира дека Општина Центар не води регистар за недвижен имот обврска од Законот за даноците на имот, согласно кое законско решение администрацијата на општините во Градот Скопје и администрацијата на Градот Скопје се обврзани да водат регистар на недвижен имот, како база на податоци кој ги содржи имињата и адресите на даночните обврзници, вкупната површина на земјиштето и зградите, вредноста на имотот, даночните стапки и решенија за платен данок.
Регистарот за недвижен имот со сите соодветни податоци Општина Центар го добива од Градот Скопје. Од страна на Општина Центар не се користи можноста за увид во регистарот на податоците за даночни обврзници на нејзина територија што го води Град Скопје, за следење на опфатот на регистрираните обврзници и висината на обврската.
Општината досега не иницирала активности, во соработка со Градот, во врска со ажурирањето на регистарот на недвижен имот.
Овие состојби се констатирани и во Конечниот извештај за извршената ревизија за 2009 година.
Ова делумно е резултат на не екипирано одделение за даноци иако во Правилникот за систематизација на работни места предвидено е одделение за даноци, такси и други приходи со пет вработени. Во 2012 година во одделението има едно лице ангажирано преку Агенција за привремени вработувања на кое во 2013 година му престанува работниот однос.

**Препорака:**

- Одделението за даноци, такси и други приходи, да обезбеди увид во електронскиот регистар на даночни обврзници и следење на наплатата на приходите од данок на имот.
- Иако законското решение целокупната активност во поглед на утврдување и наплата на даночните приходи за општините во Градот Скопје се пренесува на Градот Скопје, Општина Центар заедно со другите општини, заради обезбедување пореални податоци и повисок степен на наплата на приходите, да се вклучи во активностите околу ажурирање на регистарот на обврзници по основ на данок на имот, во однос на опфатот и вредноста на даночните обврски.

4.2.3. На основа објавен оглас за продажба на деловен простор и паркинг места во Катна гаража "Судска палата" по пат на јавно наддавање, Општина Центар извршила продажба на деловен простор и едно паркинг место во 2012 година. За извршената продажба склучен е договор од 03.07.2012 година, на износ од 4.864 илјади денари на кој износ е пресметан ДДВ од 876 илјади денари или вкупна вредност на договорот 5.740 илјади денари. Со договорот е уредено плаќањето да се изврши на 12 месечни рати. Врз основа на оваа одредба од договорот, Општина Центар за секоја рата испоставувала фактура во која искажувала износ од една рата за плаќање со ДДВ или заклучно со 31.12.2012 година наплатен е вкупен износ од 3.067 илјади денари во кој е содржан ДДВ од 468 илјади денари, кој е искажан како обврска за плаќање за 2012 година. Постапувањето во врска со обврската и плаќањето на ДДВ не е во согласност со член 31 од Законот за данок на додадена вредност, согласно кој даночниот долг настанува во моментот кога е извршен прометот на доброто. Според членот 40 даночниот обврзник го пресметува данокот на додадена вредност за соодветниот даночен период според вкупно извршениот промет, доколку во тој период настанал даночен долг според член 31 на овој закон. Согласно член 43 даночниот обврзник е должен за секој даночен период да го плати данокот кој го пресметал според член 40 ставови 1 и 2 од овој закон. Ефект од таквото постапување е помалку искажана и помалку платена обврска за ДДВ за 2012 година во износ од 408 илјади денари.

**Препорака:**

Надлежните служби евидентирањето на обврската за ДДВ и плаќањето на истата при продажба на деловни објекти да го вршат согласно одредбите пропишани со Законот за данок на додадена вредност.

4.2.4. Во текот на 2012 година Општина Центар има остварено приходи во вкупен износ од 1.254 илјади денари од издавање под закуп на објекти-деловни простории

во сопственост на општината. Општината за издадените објекти под закуп има склучено договори со корисниците на деловните простории, од кои пет договори се склучени во текот на 2007 година за период од пет години, односно нивната важност истекува во текот на 2012 година во соодветниот период од годината (месец) кога се склучени и еден договор од декември 2009 година склучен за период од една година (за кој е склучен анекс на договорот во јули 2012 година со кој рокот се продолжува за уште една година).
Договорите не се обновени по истекот на нивната важност (а деловните простори продолжуваат да се користат од страна на истите закупци), со што не се почитуваат одредбите на членот 20 од Правилникот за условите и начинот за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на Општина Центар, донесен од страна на Советот на Општина Центар во 2006 година каде што е наведено дека склучените договори за закуп на определено време престануваат со истекот на рокот за кој се склучени.

**Препорака:**
Надлежните служби на Општина Центар да преземат активности во функција на преиспитување на договорите за закуп и склучување на нови договори за издавањето под закуп на објектите во сопственост на Општината .

4.2.5. Согласно одредбите од Законот за комунални такси, за користење и одржување на јавно осветлување, се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите, по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија. Уплатата на средствата за општините во градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата и градот Скопје се врши според надлежноста за одржување на јавното осветлување во определен процентуален соодност утврден со истиот Закон. Начинот на користењето на средствата од комуналната такса, што се плаќа за користење и одржување на јавното осветлување се уредува со акт на општината. Од страна на одговорните лица во Општина Центар на ревизијата не и беше презентиран акт со кој Општината ќе го одреди начинот на користење на средствата од комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на општината, што не е во согласност со член 15 од Законот за комуналните такси. Не донесувањето на ваков акт условува намалена транспарентност во работењето на службите на Општина Центар и во трошењето на средствата по овој основ.

**Препорака**:
Советот на Општина Центар да донесе акт со кој ќе го одреди начинот на користење на средствата од комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување на своето подрачје.

4.2.6. За подрачјето на градот Скопје уредувањето на градежното земјиште го вршат општините од подрачјето на градот Скопје во делот на опремување на градежното земјиште со објекти од секундарната инфраструктура, а градот Скопје во делот на опремување со објекти на основната инфраструктура, врз основа на програмата за уредување на градежно земјиште што ја донесуваат Советите на општините во градот Скопје, односно Советот на градот Скопје. Согласно член 84 од Законот за градежно земјиште, Програмата за уредување на градежно земјиште особено содржи податоци меѓу другото за:

- изворите за финансирање на програмата,
- пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште и
- висината на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба.

Од страна на Советот на Општина Центар е донесена Програма за урбано планирање за 2012 година со подпрограма за уредување на градежно земјиште која не ги содржи горе наведените податоци пропишани со закон.
И покрај воспоставената пракса пресметката на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште да се врши од страна на администрацијата на Град Скопје во единствен износ, кој се распределува во однос 60% за Градот Скопје и 40% за Општина Центар, има потреба од донесување на Програма која ќе ги содржи податоците во согласност со законот.

**Препорака**:
Советот на Општина Центар потребно е да донесе Програма за уредување на градежно земјиште која ќе содржи податоци посебно во делот за изворите на финансирање, трошоците за уредување и висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Согласно Законот за комуналните такси, Советот на Општината има донесено Одлука за висината на комуналните такси со која е утврдена висината на користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината. Согласно тарифен број 8 од Законот, утврдувањето и наплатата на овој вид на комунална такса ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг плацот и истото е должно уплатата на комуналната такса да ја изврши на соодветната уплатна сметка на трезорската сметка за Општините во Градот Скопје и за Градот на чие подрачје е извршена наплатата.

Со Одлука на Советот на Општина Центар и Решение за Упис во Централен регистар на Република Македонија, во 2007 година формирано е Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар – Скопје со цел организирање, управување, уредување и одржување на јавните паркиралишта на територијата на Општината. Во 2012 година, јавното претпријатие по основ на комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила има наплатено 5.017 илјади денари, додека во Буџетот на Општина Центар се остварени приходи по овој основ во износ од 2.168 илјади денари заклучно со 31.12.2012 година, што не е во согласно со Законот за комуналните такси. Ваквата пракса на непренесување на целосно наплатените средства од страна на јавното претпријатие во корист на сметката на Буџетот на општината е присутна и во минатите години, што има за ефект помалку остварени приходи во корист на Буџетот на Општина Центар.
Исто така, ревизијата утврди дека во Општината не е вработено лице овластен инспектор кој ќе врши инспекциски надзор на утврдувањето и наплатата на даноци и такси, и покрај тоа што со Правилникот за систематизација на работни места се предвидени 3 извршители. Ова не е во согласност со член 16 од Законот за комуналните такси и член 87 од Законот за даноците на имот.

**Препорака:**
Надлежните органи да преземат мерки во делот на наплатата и инспекциски надзор на утврдувањето и наплатата на комунална такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила.

4.3.2. Со состојба на 31.12.2012 година не е извршен целосен попис на побарувањата на Општина Центар од аспект на утврдување на правната основа за постоење и старосната структура на истите, што е спротивно со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека пописот на побарувањата се врши според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби. Нецелосното извршување на пописот во делот на побарувањата согласно законската регулатива, создава ризик од непотврдување на искажаните состојби и можност за нереално искажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Надлежните органи на општината да преземаат мерки и активностите при вршење на попис на побарувањата да се утврди правниот основ и старосната структура на истите.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност соз закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. Обрнуваме внимание дека Општина Центар е тужена странка во судски спорови со 24 (дваесет и четири) субјекти од кој 9 (девет) правни лица за долг од 138.299 илјади денари, 11 (единаесет) физички лица за долг од 151.476 илјади денари и од 4 (четири) физички лица без утврден износ на долгот.
Општина Центар се јавува како тужител на 32 (триесет и два) субјекти од кој 23 (дваесет и три) правни лица за долг од 50.769 илјади денари, 6 (шест) физички лица за долг од 1.192 илјади денари, 2 (две) правни лица без утврден износ на долгот и 1 (едно) физичко лица без утврден износ на долгот.
Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 13.03.2014 година

**Општина Центар - Сметка на основен буџет (630)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 Ден. |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 401.949 | 416.654 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 12.174 | 17.122 |
| Капитални приходи | 3.3. | 198.134 | 41.204 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 1.633.867 | 1.439.668 |
| **Вкупно приходи** | | **2.246.124** | **1.914.648** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 41.740 | 37.955 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 634 | 245 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 163.803 | 127.872 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 7.791 | 926 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 32.392 | 12.357 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 2.839 | 1.188 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **249.199** | **180.543** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **1.414.355** | **1.170.902** |
| **Вкупно расходи** | | **1.663.554** | **1.351.445** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **582.570** | **563.203** |

Општина Центар - Сметка на основен буџет (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2012 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 582.570 | 563.203 |
| Побарувања | 4.1.2. | 170.674 | 229.109 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 652 | 55 |
| **Вкупно тековни средства** | | **753.896** | **792.367** |
| | | | |
| **Капитални средства** | | | |
| Аванси за капитални средства | 4.2.1. | 23.978 | 23.978 |
| **Вкупно капитални средства** | | **23.978** | **23.978** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **777.874** | **816.345** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.3.1. | 652 | 55 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 777.222 | 816.290 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **777.874** | **816.345** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **777.874** | **816.345** |

**До**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР**
**СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
04.03.2014
29-129/6

**Предмет: Забелешки на Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Општина Центар сметка на Основен Буџет (637) 2013 07 43/2 и Сметка на Основен Буџет (630) 2013 07 43/1**

**Општина Центар – Скопје, во пердвидениот рок благовремено ги доставува следните забелешки на Нацрт-Извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година Општина Центар Сметка на Основен буџет (637) 2013 07 43/2 и Сметка на Основен Буџет (630) 2013 07 43/1 од јануари 2014**

4.3 Користење на средствата согласно законските прописи

Јавни набавки

4.3.2 Согласно член 99, став 1 точка 4 од Законот за јавни набавки, договорниот орган Општина Центар има спроведено постапки со преговарање без објавување на оглас за дополнителни работи кои не можат да бидат технички или економски одделени од основниот договор или се неопходни за негово завршување.

Од страна на Државниот завод за ревизија, констатирано е дека постапките со преговарање без објавување на оглас за дополнителни работи за реконструкција на постојна улична мрежа (коловоз) на ул.Пролет со краци и постапката за јавна набавка за изградба на патеки со павер елементи по список на локации, и изградба на водоводна, фекална и атмосферска мрежа на ул.Максим Горки со вкупен износ од 3,769 илјади денари се спроведени по завршување на работите.

Имено, согласно член 99, став 2 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник на Р.Македонија 136/07), вкупната вредност на дополнителните работи или услуги од член 99, став 1 точка 4 од Законот за јавни набавки не смеат да надминат повеќе од 30% од вредноста на основниот договор а должината на дополнителните работи или услуги не смее да надмине три години од склучувањето на договорот. Оваа одредба каде времетраењето на дополнителните работи не смее да надмине три години од склучувањето на договорот со измените на Законот од 2011 е избришана од причина што некои градежни активности го надминуваат рокот утврден во Закон. Ако се водиме строго по овој член од Законот за јавни набавки, сите овие договори кои се склучени во 2012

година сеуште се во рок за отпочнување на постапки со преговарање без објавување на оглас за дополнителни работи. Суштината на ова објаснување на Законот не е со цел да се обезбеди оправдување за како што е констатирано од страна на Државниот завод за ревизија ненавременото пријавување, констатирање и регулирање со договор на дополнителните работи по горенаведените договори во Општина Центар, туку целата ситуација да се разгледа од поширока перспектива а не само од аспект на рокот утврден во договорот како број на денови од воведување на работа до завршување. Ако се земе предвид и останата пропратна документација градежни книги и градежни дневници ќе се констатира дека од моментот на воведување во работа се јавуваат прекини во работите на повеќе наврати поради временски неприлики, несоодветна техничка документација, необезбедување на согласности за хидротехнички услови и сл. што значително го продолжува рокот за завршување на работите од оној првично превиден во договорите.Исто така завршните ситуации за сите погоре наведени објекти се доставени по завршување на постапките со преговарање без објавување на оглас и склучувањето на договорите за дополнителни работи што претставува уште една потврда дека на тие објекти сеуште се одвивале градежни активности во моментот кога се констатирала потреба од допонителни работи.

4.3.3 По спроведената отворена постапка за јавна набавка со оглас бр.34/2010 година за авиобилети и хотелско сместување за потребите на Општина Центар, констатирано е дека во целост не се испочитувани условите од тендерската документација и објавениот оглас, обврските од Рамковната спогодба и одредбите од Законот за јавни набавки што има дискриминирачки ефект спрема најповолните понудувачи.

Имено, оваа забелешка е оправдана во делот на доставувањето на понудите од аспект на формата која не е запазена во целост согласно член 5 од Рамковната спогодба а која треба да содржи процент на попуст кој треба да е истакнат со цел да се избере најповолната понуда имајќи предвид дека тоа е критериум за избор на најповолна понуда. Но од аспект на тоа дека во целост не се почитуваат условите од тендерската документација во однос на предметот на набавката кој е утврден како неделив и дека понудувачот во својата понуда мора да ги вклучи сите составни делови во спротивно неговата понуда ќе се смета за неприфатлива, овие одредби се однесуваат за условите во отворената постапка кога се врши избор на понудувачи кои ќе се вклучат како страни во рамковната спогодба, но оваа одредба не е задолжителна и за постапките на повторно прибирање на понуди. Тоа е од причина што постапката за избор на страни во рамковната спогодба ги содржи севкупните потреби на договорниот орган за тој тип на набавка за период од три години и сите понудувачи имаат обврска доколку сакаат да се квалификуваат како страни во рамковната спогодба во својата понуда да ги предвидат сите позиции, но во поединечните постапки за конкретен предмет на набавка сите позиции од понудата не се тендерираат туку само оние кои во моментот му се потребни на договорниот орган и за кои спроведува постапка за јавна набавка, дали е тоа постапка за јавна набавка на авиобилети, хотелско сместување или и двете услуги. Од таа причина Комисијата за јавни набавки, при изборот на најповолна понуда при провторно прибирање на понуди за конкретен предмет на набавка ги избирала понудите кои се

најпововолни т.е со најниска цена не гледајќи на целиот процес како делење на набавката а се со цел рационално искористување на средствата од договорот за јавна набавка.

4.3.5 Општина Центар спровела постапка за јавна набавка за услуги за имплементација на географски инофрмационен систем (ГИС) во Општина Центар врз база на која е склучен договор за јавна набавка со утврден рок на извршување на работите од 90 дена од потпишување на договорот. Ревизијата констатирала дека тој рок не е запазен во целост а согласно условите во договорот доколку дојде до таква ситуација договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара надомест на штета, но иако такви околности постоеле, договорниот орган не превземал мерки за ефектуирање на одредбите од истиот.

Со оглед дека оваа забелешка е во секција 4.3 Користење на средствата согласно законските прописи а се однесува на делот на јавните набавки, од аспект на почитување на законските прописи оваа постапка за јавна набавка е спроведена во целост согласно Законот за јавни набавки, што е констатирано и од страна на Државниот завод за ревизија. Но следењето и реализацијата на договорот не е обврска на службите одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и од таа причина оваа забелешка како таква не е соодветна на категоризацијата.

Во точка 4.2.3 е наведено дека даночниот долг настанува во моментот кога е извршен прометот на доброто, па согласно тоа по основ на продажба на деловен простор и паркинг место во катна гаража Судска палата за кој е склучен договор на 5.740 илјади денари, износот за ДДВ од 876 илјади денари не е пресметан и платен во целост во 2012 год.

Во врска со дадената забелешка би сакале да напомeнеме дека прометот не е извршен на денот на склучувањето на договорот. По тој основ, а во врска со член 31 став 2 од Законот за данокот на додадена вредност -„Кога плаќањето е извршено пред извршувањето на прометот, време на настанување на даночниот долг е моментот кога е добиено плаќањето, во висина на данокот за добиениот износ'', општината пресметала и исплатила ДДВ согласно висината на добиениот износ.

Поради изнесените аргументирани забелешки за споменатите точки од Нацрт-извештајот за извршена ревизија за 2012 година на Општина Центар Сметка на Основен буџет (637) 2013 07 43/2 и Сметка на Основен Буџет (630) 2013 07 43/1 од јануари 2014 година, **ПРЕДЛАГАМ** овластениот државен ревизор да ги прифати наведените забелешки, да го преиспита Нацрт - Извештајот во делот за кој се однесуваат забелешките и тие делови да ги изостави во Конечниот Извештај.

**Со почит,**
**Бр. 08-1519/1**
**28.02.2014 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Андреј Жерновски**

Изготвиле: И. Николовска
J. Ѓорѓиески
А. Аларова

**Прилог број 2**

# ОДГОВОР
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 04.03.2014 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Центар за 2012 година на сметката на основен буџет 630, од страна на градоначалникот, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29 – 129/6.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3.** која се однесува на обврската за пресметување и плаќање на данокот на додадена вредност за извршена продажба на деловен простор и паркинг места во Катна гаража „Судска палата“ по пат на јавно наддавање во врска со што е склучен договор за купопродажба од 03.07.2012 година, **не се прифаќа,** поради фактот што општината не презентира документација со која ќе потврди дека прометот не е настанат, односно дека купените добра не се дадени во владеење на купувачот, на основа што ревизијата би имала сознание дали купувачот располага и ги користи истите. Поради тоа наодот во Конечниот извештај останува непрометен.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

1.____________________ ________________________

2.____________________

3.____________________